**Билтен за септември 2023 г.**

## Активности во септември на Твининг проектот „Понатамошна поддршка за имплементирање на Националната рамка на квалификации" финансиран од ЕУ, МК IPA 17 SO 01 21

Како што Твининг проектот се приближува до последниот квартал, посветеноста и заложбите што го означија неговиот почеток продолжија да ја водат неговата имплементација и во септември. Во текот на тој период се реализираше четвртата студиска посета спроведена во рамките на компонентата 2, насочена кон зајакнување на Националната рамка на квалификации (НРК) во согласност со рамката за обезбедување квалитет (ОК). Во студиската посета која се одржа во Литванија од 11 до 15 септември 2023 г., учествуваше делегација од Северна Македонија. Оваа делегација ја сочинуваа четворица претставници на различни чинители вклучени во проектот, како што се Министерството за образование и наука (поконкретно од Секторот за меѓународна соработка и Секторот за европски прашања), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО).

Примарниот фокус на оваа студиска посета беше управувањето и следењето на НРК, со цел споделување практични сознанија од оваа област. Поради тоа делегацијата посети повеќе значајни институции како што се Центарот за развој на квалификации и стручно образование и обука (KPMPC), ISM Универзитетот за менаџмент и економија, Министерството за образование, наука и спорт, Националната агенција за образование (NSA), Центарот за професионална обука во Алитус, Центарот за проценка на квалитетот во високото образование (SKVC), Универзитетот во Вилнус (VU) и Литванскиот парламент.

Предвидената програма за студиската посета започна со дискусија поврзана со развивањето квалификации на ниво 5 и со напредокот и предизвиците поврзани со дуалното образование, при што KPMPC како клучен чинител во управувањето со НРК, послужи како идеално место за таа дискусија. Потоа делегацијата го посети ISM Универзитетот за менаџмент и економија каде што беше претставено портфолиото со програми на Универзитетот, како и улогата на НРК при обликувањето на студиските програми. Групата исто така изрази интерес за прашања поврзани со признавањето квалификации стекнати во странство.

Во Министерството за образование, наука и спорт, делегацијата од ЗК беше срдечно пречекана од заменик-министерот и лидер на проектот од ЗЧ, г-ѓа Агне Кударauskиене. Таа ги презентираше најновите случувања во секторот за стручно и високо образование, притоа нагласувајќи ја важноста на доживотното учење. Потоа следеше посета на Националната агенција за образование (NSA), при што беше презентиран преглед на структурата, функциите и активностите на NSA, како и информации за сеопфатната компјутеризација на образовниот систем. Дополнително, учесниците имаа можност да го истражат портфолиото на програми за обука на Центарот за професионална обука во Алитус, при што добија вредни информации за развивањето шеми за дуална стручна обука и во компаниите и во училишниот секторски центар за обука.

Посетата на делегацијата на Центарот за проценка на квалитетот во високото образование (SKVC) беше од особена полза бидејќи поттикна дискусија за управување со документација и информации за подобрување на обезбедувањето квалитет и признавањето на квалификациите. Фокусот на студиската посета потоа се префрли на практиките за обезбедување квалитет на Универзитетот во Вилнус (VU), пропратено со информативна обиколка на историскиот кампус и библиотеката, што остави позитивен впечаток кај делегацијата. Програмата се заокружи со посета на Литванскиот парламент каде претставниците на Комисијата за образование и наука ја претставија својата соработка со засегнатите страни, вклучително и академската заедница, претставниците на студентите, владините тела, професионалните здруженија, претставниците на пазарот на труд и синдикатите.






*Фотографии: Организирани состаноци во Литванскиот парламент и во Центарот за проценка на квалитетот во високото образование (SKVC)*





Фотографии: Дискусии во Националната агенција за образование (NSA) и во Министерството за образование, наука и спорт

Во текот на втората половина на септември се одржа осмиот состанок на Управниот одбор на Твининг проектот. Како што проектот се приближува кон својата завршна фаза на имплементација, оваа средба служи како платформа за сеопфатна евалуација на постигнувањата на проектот во рамките на претходниот квартал, како и можност за разгледување на какви било преостанати прашања за кои би била потребна поддршка од проектот. Државниот секретар г-ѓа Билјана Казанџиска, упати срдечно добредојде и ја истакна особената важност на проектот при постигнувањето целосна операционализација на Националната рамка на квалификации (НРК),

поттикнување на развојот на националниот образовен систем и унапредување на напорите на земјата за интеграција во Европската Унија.

За време на состанокот г-ѓа Јолита Буткиене, постојан твининг советник (ПТС), го презентираше седмиот квартален извештај и понуди приказ на успешно спроведените активности и на постигнатите клучни исходи. Вкупно 196 претставници на различни институции и тела во Северна Македонија учествувале во проектните активности во текот на засегнатиот квартал, имено од Министерството за образование и наука (МОН), високообразовните институции (ВОИ), организации од стручното образование и обука (СОО), како и од други релевантни тела. Во продолжение на тоа, 18 експерти од земјите членки беа ангажирани да предводат различни иницијативи кои резултираа со успешна реализација на 18 проектни настани вклучително и работилници, настани за подигање на свеста и активности/сесии за обука од сродни институции. Експертите од земјите членки колективно посветија вкупно 85 дена на изработката на сеопфатни анализи и препораки.

Во пресрет на завршувањето на проектот, последниот плански период предвидува 29 мисии што треба да ги реализираат експерти од земјите членки, распоредени во рамките на седум проектни активности. Покрај тоа ќе биде организиран и настан за затворање на проектот за да се одбележи успешниот завршеток на проектот. Состанокот на Управниот одбор заврши со формално одобрување на седмиот квартален извештај и на следниот плански период.



*Фотографија: Осми состанок на Управниот одбор на проектот одржан на 19 септември*

Во текот на последната недела од септември се спроведе мисијата 4.1.7 во рамките на компонентата 4, која се однесува на подобрување на интерконекцијата и компатибилноста на дигиталниот регистар на Националната рамка на квалификации (НРК) и на национално и на ниво на Европската унија. Оваа мисија се реализираше во Скопје од 25 до 29 септември 2023 г. Двајца експерти од Словенија - Уршка Марентиќ и Нејц Јенстерле, одржаа обуки преку кои кадарот би се

This project is funded
by the European Union

Project contacts:
Ministry of Education and Science
Sv. Kiril i Metodij 54, 1000 Skopje
9th floor, office no.902

стекнал со потребните знаења и вештини за користење и одржување на дигиталниот регистар на НРК - и на стратешко и на оперативно ниво - во согласност со релевантните пристапи што се применуваат во земјите членки на Европската Унија.

На работилниците што експертите ги организираа учествуваа претставници од Одделението за НРК при Министерството за образование и наука, како и претставници од Одборот за НРК и секторските комисии. Овие иницијативи се реализираа за да го мотивираат кадарот што работи со регистарот на НРК преку споделување детални знаења и практични компетенции поврзани со разбирањето на улогата на регистарот на НРК, која влијае на подобрување на транспарентноста, споредливоста и преносливоста на квалификациите. Учесниците се стекнаа со детални информации во однос на практичното користење и одржување на регистарот на НРК, како и во однос на опишувањето на квалификациите и ефективното управување со другите функционалности на регистарот на НРК.

Како резултат на оваа мисија се изработија и два вебинари и упатства за користење и одржување на дигиталниот регистар на НРК.



*Фотографија: Работилница за користење и одржување на дигиталниот регистар на НРК*

*Овој билтен е изработен со поддршка на Европската Унија. Содржината е одговорност само на Твининг проектот и никако не ги одразува ставовите на Европската Унија.*